ИДНИНАТА СЕГА!



# АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ ЗА ЦЕНТАР

# ВРЕМЕ Е!

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА



## Почитувани
## сограѓанки и сограѓани,

Пред Вас е нашата изборна програма за управување и развој на општина Центар во наредниот период.

Таа е резултат на неколкумесечната работа на нашиот тим за Центар, нашата силна и компетентна советничка листа, на бројните разговори со Вас во текот на последниве неколку месеци, во секое маало, во секоја населба, на секоја улица.

Таа не е некаков кабинетски производ, туку автентичен израз на нашите заеднички потреби како граѓани на Центар. Таа претставува наш заеднички напор да ги исправиме работите, да ја зауздаме оваа агресивна дехуманизација и комерцијализација на просторот околу нас, да ја вратиме одмереноста и пристојноста во нашиот заеднички животен простор.

## Зошто сакам да го водам Центар

Роден сум тука, во општина Центар. Првите чекори ги направив на улица Македонија. Научив да возам велосипед околу тогашното Беко. Учев во основното училиште Гоце Делчев, во тие времиња под името Ленин. Првите излегувања, првите љубовни радости и разочарувања ми се случија пред Ани и Бони, во Буњаковец. Првите навивачки еуфории и тагувања во салата на нашиот Работнички.
Првите незаборавни вечерни поминувања во Јурист, во чаршија, а потоа на утринска чорба во бавчата на Бристол. Студирав и дипломирав на Градежниот факултет, во Дебар маало. Моето прво вработување беше во бараките во градскиот парк, како дел од тимот на градоначалникот Пенов. Се оженив за девојка од Дебар маало. Моите два сина се родени на Клиниката за гинекологија, на Водњанска.
Кога вака ќе се навратам наназад, гледам дека сите важни работи во мојот живот ми се случија тука, во срцето на нашиот град, во општина Центар.Токму затоа, општина Центар претставува центар на мојот свет.

## Како ќе го водам Центар

Чесно, Транспарентно, Одговорно, Домаќински, Тимски. Затоа што, како што мојот дедо Кирил, основач и декан на Градежниот факултет, живееше и твореше

*тука, во општина Центар, како што мојот татко Никола, кој целата работна кариера ја помина како инженер во „Бетон“, живееше и твореше тука, во општина Центар, така сакам и моите синови, Никола и Дарко, да живеат и творат тука, во општина Центар. Така сакам и моите внуци да живеат и творат тука, во Центар.*

## Нашата пракса и придонес! Ние знаеме, ние можеме!

*Ја имав таа можност да бидам заменик претседавач на Советот на Град Скопје за време на првиот градоначалнички мандат на Пенов. Ја имав таа можност да бидам во извршниот тим на Пенов во неговиот втор градоначалнички мандат и со тоа да бидам дел од неговите успеси. Ја добив и искористив можноста да учествувам во осмислувањето и реализацијата на десетина важни проекти, а за неколку проекти за урбано уредување, токму во општината Центар, како проект менаџер бев непосредно одговорен, меѓу кои – плоштадот Пела, платото пред Универзална сала, детските игралишта во Капиштец, позади Краш, кај Францускиот културен центар, во дворот на градинката 13 ноември, поставувањето на хидрантската мрежа во стариот дел на градскиот парк, булеварското зеленило на Кочо Рацин и на Димитрије Чуповски...*

## Подигањето на квалитетот на живеење во општина Центар е главна цел на оваа програма

*Изготвивме прецизен план како да го постигнеме тоа во сите области каде има надлежност општината, но, и во оние каде општинската власт, според законската регулатива, нема одговорност. Сметаме дека наша обврска е да се ангажираме и да помогнеме секаде онаму каде што можеме.*

*Последниве години Центар е драстично дехуманизиран. Агресивните бизнис интереси, самобендисаната централна власт и нејзините локални послушници, брзото еродирање на основните граѓански вредности, доведоа до целосно загрозување на заедничкиот животен простор. Мораме да застанеме на патот на тоа разнебитување на нашиот простор. Имаме сила и знаење заеднички да го сториме тоа.*

*Сакам да Ве уверам во нашата цврста решеност, моја и на кандидатите на советничката листа, да го реализираме она што заеднички го осмисливме и го презентиравме пред Вас во оваа изборна програма за наредниот четиригодишен период.*

*Со почит, Ваш*
*дипл.град.инж. Андреј ЖЕРНОВСКИ*



# Инфраструктурни зафати за подигање на квалитетот на живеењето

Веднаш ќе пристапиме кон подготвување на квалитетни детални урбанистички планови кои што одговараат на потребите на граѓаните и реалните услови и оптимални капацитети на просторот, а не на бизнис интересите на луѓето од централната и локалната власт.
За таа цел, ќе обезбедиме многу поголема партиципација на засегнатите граѓани во овој процес. Веднаш ќе пристапиме кон ревизија на веќе донесените детални урбанистички планови за оние локации каде имаше бројни и сериозни забелешки од граѓаните.
За неспорните планови ќе обезбедиме брза реализација, со брзо и ефикасно издавање на градежната документација и целосен надзор над спроведувањето на деталните урбанистички планови.





- **Гасификација на општина Центар** со што ќе се овозможат помали сметки за греење и повисоки еколошки перформанси. Гасификацијата ќе се одвива во две фази - во првата фаза ќе се приклучат поголемите потрошувачи, а во втората ќе се приклучат и колективните станбени згради. За таа цел, уште на првата седница на Советот на општината ќе биде формирано општинско јавно претпријатије „Центаргас“ кое ќе биде задолжено за реализација и управување со овој процес.
- Изградба на **плоштад во Капиштец**
- Ново урбано **уредување и хуманизирање на површините зад Градски ѕид** по целата негова должина со оформување на шест нови пјацети
- Ново урбано **уредување и хуманизирање на површината пред трговскиот центар Буњаковец** по целата негова должина



проектот за плоштадот во Капиштец

- **Реконструкција и изградба на водоводна мрежа** во вкупна должина од 24 км на дефинираните локации во урбаните заедници во општината
- **Реконструкција и изградба на фекална канализациона мрежа** во вкупна должина од 21 км на дефинираните локации во урбаните заедници во општината, со особен акцент на следниве критични локации:
  - надградување на фекалниот канализационен систем во Буњаковец
  - надградба на постојниот фекален канализационен систем во Дебар Маало
- **Изградба на атмосферска канализација** во вкупна должина од 28 км на дефинираните локации во урбаните заедници во општината, со особен акцент на следниве критични локации:
  - изградба на атмосферска канализација за целосно прифаќање на водите од Клиничкиот центар до булеварот Кочо Рацин
  - надградување на атмосферскиот канализационен систем во Дебар Маало
  - надградување на атмосферскиот канализационен систем во Буњаковец
  - зафаќање на водите од Водно кон Тасино чешмиче и од Водно кон Капиштец
- **Реконструкција и изградба на јавно осветлување** во вкупна должина од 26 км на дефинираните локации во сите урбани заедници во општината




СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА ИДНИНАТАСЕГА!

## Регулиран
## и хуманизиран сообраќај

Сообраќајот во општина центар треба да овозможи деликатен баланс помеѓу потребите на неговите жители и потребите кои произлегуваат од густата концентрација на административни и деловни функции во општината. За таа цел, се разбира, во соработка со градските власти, ќе преземеме серија мерки и активности. Тие ќе бидат насочени кон зголемување и забрзување на протокот на сообраќајот, од една страна, и што е уште поважно, кон промена на структурата на сообраќајот што ќе се одвива во општината, од друга страна.

- **Реконструкција на улиците** кои се во општинска надлежност во вкупна должина на коловозот од 42 км врз основа на стручно дефинираните приоритети во сите урбани заедници





- **Реконструкција на тротоарите** кои се во надлежност на општината, оформување на **велосипедски патеки** и оформување на **пешачки патеки** со вкупна површина од 132.000 м2 врз основа на стручно дефинираните приоритети во сите урбани заедници
- Завршување на проектот за **поврзување на улиците Бихаќка - Белградска - Загрепска**, со изградба на **кружен тек пред основното училиште Кочо Рацин**
- Набавка и инсталирање на **60 нови паркинзи за велосипеди** на најфреквентните локации во општината
- Воведување **обврска секоја јавна институција да обезбеди паркинг за велосипеди** пред или во најнепосредна близина на објектот, со дефиниран минимален број на места

## Ефикасна паркинг политика
## во служба на граѓаните на Центар

Ќе обезбедиме бесплатно паркирање за жителите на Центар на сите отворени паркиралишта на општина Центар, без разлика на местото на живеење.

Ќе биде извршена реконструкција и проширување на повеќе постоечки паркинг површини во општината.

Заради зголемените потреби ќе бидат изградени нови паркинзи со поголем капацитет на следниве локации:





- Изградба на нова катна гаража позади трговскиот центар Буњаковец
- Изградба на нов монтажен паркинг спроти Југодрво, на булевар Кочо Рацин
- Изградба на нов монтажен паркинг во Капиштец, помеѓу улиците Васил Ѓоргов и Козара

## Поголема безбедност на граѓаните на Центар

Безбедноста на граѓаните е од големо значење. Во општина Центар тоа прашање е особено важно поради фактот што во општината има континуирано присуство на граѓани од другите делови на градот и земјата во текот на целиот ден. Од ургентно значење е владата да пристапи кон соодветна измена на полициската регулатива за да се овозможи функционирање на позорникарите.

Иако, надлежностите на општинските власти се исклучително мали, ние секоја година ќе изготвуваме план за подигање на безбедноста на територијата на општината, со цел да се зголеми личната и општата сигурност на нашите граѓани.

- Обезбедување на **редовен преглед на одржувањето на лифтовите** во колективните станбени згради
- Обезбедување **функционални противпожарни апарати** во влезовите во колективните станбени згради
- Надворешно **осветлување на влезовите** во колективните станбени згради;
- **Осветлување на поголемите паркинзи** во општината
- Обезбедување на **видео надзор на поголемите паркинзи** во општината
- Изградба на **безбедни училишни премини** на сообраќајниците во непосредна близина на градинките и училиштата
- Обезбедување на **персонал за безбедено преминување на учениците** и нивните родители, во соодветните термини пред почетокот и по завршетокот на наставата, на сообраќајниците во непосредна близина на градинките и основните училишта
- Изработка на **регистер на објекти со азбестни кровови** и преземање на заеднички активности за нивна замена.



# Подигање на квалитетот на комуналните услуги

Постоечкото ниво на комунални услуги во општината е ниско, под потребите на граѓаните на општината и бројните посетители. Тоа е рутинско и во потполност препуштено на градската грижа и одржување без дополнителни општински напори за подигање на квалитетот. Неопходно е организирано, систематско и континуирано општинско интервенирање заради подигање на квалитетот на комуналните услуги на едно пристојно ниво, соодветно на потребите и имиџот на општина Центар.

- Унапредување на одржувањето на јавната хигиена со **набавка на мултифункционални комунални машини**





- Подобрување на собирањето на сметот со **набавка на контејнери од композитни материјали, со кои што ќе се заменат постоечките метални** контејнери
- Набавка и поставување на **посебни контејнери за пластика и хартија** во сите јавни установи, институции, училишта и градинки во општината
- **Поефикасна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**



СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА
ИДНИНАТА СЕГА!

# Обновена и надградена урбана опрема

Одржувањето и надградбата на урбаната опрема е од исклучително значење за хуманизирање и облагородување на секојдневното урбано живеење. Оттаму, мора да има далеку поредовно одржување и замена на постојната урбана опрема. Исто така, мора да се пристапи кон поставување на нова урбана опрема на сите постојни и ново проектирани пешачки површини. За таа цел , ќе изготвиме посебни годишни планови за поставување на нова урбана опрема со кои во наредниот четиригодишен период ќе ги инсталираме следниве елементи:

- **600 нови клупи** по должината на постоечките и новоформираните пешачки површини
- **400 корпи за отпадоци**






- **150 жардињери со украсно зеленило**
- Поставување **заштитни огради и заштитни столпчиња** во функција на ефикасна заштита на пешачките површини
- **20 јавни чешми** на  соодветни локации во сите постоечки урбани заедници
- Изведба на водени површини, особено на **мали водни елементи** по теркот на светските метрополи за подобрување на микроклимата во потесниот урбан центар на општината
- Инсталирање на **современи јавни тоалети** на најфреквентите локации

# Центар – општина со најдобри основни училишта

Наша цел е општина Центар да биде општина со најдобри училишта, и во смисла на просторни и работни услови и во смисла на квалитет на воспитно-образовниот процес. За таа цел, во претстојниот четиригодишен период ќе пристапиме кон следново:

- Изградба на **ново основно училиште во Капиштец**
- Целосно **уредување на сите училишни дворови**
- Целосно **осветлување на сите училишни дворови**
- **Бесплатна чаша млеко или парче овошје за секој ученик** во општината



- **Субвенционирани спортски курсеви** за заинтересираните ученици во повеќе популарни спортови
- **Обновување и оживување на секциите во основните училишта** со вклучување и на дополнителен воннаставен кадар

Во првите 60 дена по моето стапување на должност ќе се донесе сеопфатен четиригодишен план за одржување, реконструкција и реновирање на сите основни училишта во општината, според следниве приритети:

- Во основното **училиште „11 октомври“** ќе се изврши:
  - замена на старите врати на училниците
  - целосна реконструкција и адаптација на подрумските училници
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор

- Во основното **училиште „Коле Неделковски“** ќе се изврши:
  - замена на дотраените дрвени врати на училниците
  - нова енергетски ефикасна фасада на училишниот објект
  - дислокација на кујната од подрумските простории и нејзино целосно опремување според потребните стандарди
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор




- Во основното **училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“** ќе се изврши:
  - замена на водоводната и канализационата инсталација
  - реновирање на дел од тоалетите
  - нова енергетски ефикасна фасада на училишниот објект
  - замена на дотраените дрвени прозорци и врати во училниците
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор

- Во основното **училиште „Димитар Миладинов“** ќе се изврши:
  - замена на водоводната и канализационата инсталација
  - целосна замена на подовите во сите училници
  - нова енергетски ефикасна фасада на училишниот објект
  - санација на делови на кровот на училишниот објект
  - реновирање на дел од тоалетите
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор

- Во основното **училиште „Гоце Делчев“** ќе се изврши:
  - замена на дотраените дрвени врати на училниците
  - нова енергетски ефикасна фасада на училишниот објект
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор
  - довршување на изградбата на фискултурната сала на училиштето

- Во основното **училиште „Св. Кирил и Методиј“** ќе се изврши:
  - изградба на фискултурна сала
  - замена на старите врати во училниците
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор

- Во основното **училиште „Кочо Рацин“** ќе се изврши:
  - замена на водоводната и канализационата инсталација во дел од тоалетите
  - реконструкција на неколку училници во подрумскиот дел
  - нова енергетски ефикасна фасада на училишниот објект
  - целосно уредување на училишниот двор
  - целосно осветлување на училишниот двор

Во функција на пошироко општествено вреднување на стручната и воспитната работа и вкупните залагања на наставниот кадар во основните училишта ќе бидат воведени нови признанија и награди:

- Годишна **Награда за најдобар одделенски наставник** во општина Центар, во висина од три просечни месечни плати
- Годишна **Награда за најдобар предметен наставник** во општина Центар, во висина од три просечни месечни плати

Во фукција на подигање на квалитетот и надградба на воспитно - образовните капацитети на училиштата, општина Центар секоја година ќе **субвенционира дел од трошоците за постдипломски студии за 10 најдобро оценети наставници.**



# Центар – општина
# со најдобри детски градинки

Наша цел е општина Центар да биде општина со најдобро целодневно окружување на нашите најмлади сограѓани, и во смисла на условите за престој и во смисла на квалитет на нега и воспитување. За таа цел, во претстојниот четиригодишен период ќе пристапиме кон следново:

- Изградба на **нова детска градинка во Капиштец**
- Целосно **уредување на дворовите на сите детски градинки**
- Целосно **осветлување на дворовите на сите детски градинки**
- Формирање на **билингвални групи** – на македонски и еден од светските јазици

Во првите 60 дена по моето стапување на должност ќе се донесе сеопфатен четиригодишен план за одржување, реконструкција и реновирање на сите детски градинки во општината, според кој:

- Во детската **градинка „13 ноември“** ќе се изврши:
  - целосна замена на старата и дотраена столарија во матичниот објект и во објектот Јасмин
  - нови енергетски ефикасни фасади на матичниот објект и објектот Јасмин
  - изолација на покривот во матичниот објект
  - реконструкција на преостанатите санитарни јазли во матичниот објект
  - замена на електричните инсталации во матичниот објект и објектот Јасмин
  - реконструкција, проширување и доопремување на кујната во Јасмин
  - климатизација на дел од занималните во Јасмин



- Во детската **градинка „Кочо Рацин“** ќе се изврши:
  - целосна, темелна реконструкција на матичниот објект
  - реконструкција на сите тоалети во објектот Панорама
  - реконструкција на кујната во Панорама
  - замена на електричната инсталација во Панорама
  - замена на водоводната и одводната инсталација во објектот Панорама
  - санација на покривот во Панорама
  - приклучување на градската топлификациска мрежа на Панорама
  - нови енергетски ефикасни фасади за објектите Панорама и Бели мугри

- Во детската **градинка „Корчагин“** ќе се изврши:
  - замена на столаријата во приземјето на матичниот објект
  - нова енергетски ефикасна фасада на матичниот објект
  - целосна замена на дотраените врати и прозорци во објектот Пепелашка
  - замена на старата електрична инсталација во објектот Пепелашка
  - реконструкција и пренамена на таванскиот простор во две нови занимални во објектот Пепелашка

Во функција на пошироко општествено вреднување на стручната и воспитната работа и вкупните залагања на кадарот во детските градинки ќе бидат воведени нови признанија и награди:

- Годишна **Награда за најдобра воспитувачка** во општина Центар, во висина од три просечни месечни плати
- Годишна **Награда за најдобра негувателка** во општина Центар, во висина од три просечни месечни плати



# Општински Сервис за стари лица

Во општина Центар живеат преку осум илјади наши сограѓани со над 65 годишна возраст. Во ситуација на континуирано зголемување на основните животни трошоци, намалување на реалната вредност на пензиите и отсуство на организирана грижа од страна на државните институции, општината треба, по урнек на повеќе европски градови, да преземе чекори за олеснување на секојдневното функционирање на нашите повозрасни сограѓани.
За таа цел, за старите лица кои живеат сами ќе основаме општински сервис за стари лица кој што ќе овозможи:

- Бесплатна лекарска посета





- Бесплатни правни совети
- Бесплатна достава на прехранбени продукти
- Бесплатна достава на лекови
- Отворање на повеќе пензионерски клубови

# Зголемување на енергетската ефикасност

Општина Центар како најурбана, 100% урбана општина, треба да биде предводник во примената на најновите трендови на зголемена енергетска ефикасност. Наша цел е максимално зголемување на енергетската ефикасност на објектите на сите институции кои се во надлежност на општината. Тоа планираме да го постигнеме преку следниве мерки и активности:

- **Енергетско ефикасни фасади** на сите училишта и градинки





- **Замена на прозорите** во сите градинки и училишта
- Набавка и монтажа на **соларни панели** за сите детски градинки
- Комплетно **штедливо јавно осветлување**
- Целосна реализација на **замената на постоечките дотраени фасади на колективните станбени згради со енергетско ефикасни фасади** заедно со замена на дотраената столарија во соработка со сопствениците на становите. Со овој проект во наредните 4 години ќе бидат опфатени над 60 колективни станбени згради.

## Центар
## – еколошки одговорна општина

Подигањето на еколошката одговорност на сите нивоа е еден од нашите најважни приоритети. Пред се, ќе тргнеме од усогласување на работата на општинската администрација и општинските прописи со највисоките еколошки стандарди. Ќе иницираме и спроведеме и низа мерки и активности за градење на силна еколошка јавност и еколошки одговорно стопанство.



- Изградба на **гасификациска мрежа за топланата во Клинички центар** како еден од најголемите загадувачи во општината
- Изработка и редовно ажурирање на **Регистар на загадувачи** и континуирано информирање на граѓаните за неговата содржина
- Поставување **6 мерни станици** на нивото на загаденост на воздухот на територијата на општината, со што ќе се овозможи реално согледување на секојдневната состојба со загадување на воздухот со цел превземање на сите потребни и законски предвидени мерки
- Далеку поефикасна работа на испекциските служби во **санкционирање на бучавата и гласноста** на угостителските објекти во општината
- Оформување на **нови пешачки зони**
- Оформување на **нови велосипедски патеки**
- **Стоп за натамошното градежно узурпирање на Водно**
- Безусловно **ургентно корегирање на големите висини,** дадени во Деталните урбанистички планови што го покриваат просторот на падините на Водно и запирање на неконтролираниот развој на објекти со големи висини со што ќе се спречи појавата на големи клизишта



# Драстично зголемување на урбаното зеленило во општината

Урбаното зеленило има критична функција во одржувањето на "здравјето" на општината и во естетизирањето на урбаниот пејсаж. Правилно проектираното и насадено зеленило заштедува многу енергија, особено во летниот период. Садењето на определени видови растенија во деловите со густ сообраќај овозможува тие како природен филтер да го прочистуваат загадениот воздух. Достатното и квалитетно зеленило има значајна улога и во намалувањето на стресот од урбаното живеење.

Оттаму, следејќи ги најновите стандарди за озеленување и негово ставање во функција на подобрување на животната средина, заштеда на енергијата и промовирање на биоразноликост, ќе го преземеме следново:

- Подигање на **нови микро паркови на 12 локации** во општината
- **Подигање на ново зеленило**, денивелирано во однос на пешачките и коловозните површини на 30 локации на територијата на општината
- Засадување на **4.000 нови дрва**
- Создавање на евиденција на сите квалитетни видови на растенија или **катастар на зеленило** на општината
- Подобрување на изборот на растенија особено



на дрва водејќи сметка за нивната убавина, но и прилагодливост, издржливост на загадување и микроклиматските услови во општината
- Садниот материјал **нема да содржи алергогени видови** или видови кои прават штети со својот коренов систем на објекти, улици, тротоари или друга урбана опрема
- Ќе се прави избор на **растенија кои се поотпорни на штетници и не бараат прскања** кои имаат повеќекратни штетни влијанија врз околината, како и избор на растенија кои при одржување не бараат голема употреба на механизација која дополнително загадува.



СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА
ИДНИНАТА СЕГА!

- Ќе се промовира **разноликост во видови, форми и игра на бои** преку цела година при планирање на озеленување на мини паркови на мали простори помеѓу згради наменети за игра на деца и одморање на возрасни
- На поплочените и асфалтираните површини ќе се постават **трендовски жардиниери за голема вегетација** по примерот на многу светски метрополи и во нив ќе се насадат растенија соодветни за садење во лимитиран простор
- Ќе се пристапи кон **изградба на вертикално зеленило,** односно зелени фасади и огради, како понов тренд во светските метрополи, во оние делови каде просторот за зеленило е лимитиран





- На локациите каде постојат подземни гаражи ќе се пристапи кон изведба на зеленило според стандарди за изведба и заштита применливи кај кровните градини

# Помагање на малиот и среден бизнис

Во општина Центар работат 7.100 микро, мали и средни фирми. Овие претпријатија вработуваат речиси 90% од ангажираната работната сила. За нив е потребно да се води сметка. Да имаат фер услови за водење на бизнисот и за развој. Затоа, ќе пристапиме кон:

- Оформување на **Општински Совет за мал бизнис**
- Формирање на **Бизнис центар во општината** за организирање на соработката помеѓу општинските власти и локалната бизнис заедница
- Оформување на **Микро бизнис инкубатор**
- Организирање и реализација на **редовни обуки за основање и успешно водење на сопствен мал бизнис** за невработените лица





Посебен план ќе биде изготвен за **унапредување на туристичката дејност** и подигање на квалитетот на услугите во овој сектор. Центар е општина со најмногу туристи во државата. Во Центар има најмногу угостителски објекти - близу 400, каде работат вкупно 2.500 лица. Во Центар има и најмногу хотели во државата - над 40, со вкупно 1.100 соби и 2.400 легла со повеќе од 600 вработени.

- Оформување на посебна **Боемска улица во Дебар маало,** по терк на Белградската Скадарлија, каде ќе се чува и негува посебниот скопски шарм, на потегот од ресторан Идадија до Градежниот факултет - по целата должина на сегашната улица Раде Кончар



СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА ИДНИНАТАСЕГА!

## Квалитетни културни содржини

Граѓаните на Центар, во споредба со останатите граѓани се привилегирани во однос на поголемата понуда на културни содржини. Сепак, граѓаните на Центар имаат и поголеми културни потреби. Центар е општина со најголема концентрација на интелектуална елита во земјата. Според последните статистички податоци, во општината живеат близу 1.200 магистри и доктори на науки.
Во претстојниот четиригодишен период особен акцент ќе биде ставен на следново:

- **Поддршка на млади неафирмирани уметници** преку посебна програма
- Формирање на **нов простор – Уметничка урбана задруга,** каде општината ја координира употребата на објектите и целосно ги покрива трошоците за оддржување, а употребата е





целосна слобода на уметникот - простори за сликање, за музички проби, независен театар, галериски простор, итн

- **Библиотека во секое маало** – проект за отворање и сервисирање на 8 јавни маалски библиотеки на територијата на општината
- Посебна програма за **субвенционирање на отворање на нови книжари и галерии** на територијата на општината
- Организирање на наменски културни манифестации, со **нагласок на независната културна сцена,** како, на пример, ден или месец на алтернативната музика, на независниот театар, на изложби на отворено, на улична уметност. На тој начин дел од уметничкото творештво останува трајно наследство на општината, а се стимулира развојот на независниот уметник.

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА ИДНИНАТАСЕГА!

# Повеќе инвестиции во спортот и рекреацијата

Општина Центар, за жал, има сиромашна спортска инфраструктура. Развојот на спортот е невозможен без соодветна пристојна спортска инфраструктура. Затоа, нашите напори во најголем дел ќе бидат насочени кон подигање на потребната спортска инфраструктура.

- Враќање на стариот сјај на иконата на македонскиот спорт, **кошаркарскиот клуб "Работнички"**
- Оформување и опремување на **нова спортско-рекреативна зона** на локацијата Мало курило
- Изградба на **нови баскет игралишта** во сите урбани заедници во општината
- Изградба на **нови игралишта за мал фудбал**





- Изградба на **нови детски игралишта**
- **Реконструкција на постојните детски игралишта**
- Организација на **училишни турнири** во повеќе спортови
- Организација на **општински турнири** во популарните спортови
- **Рефундирање на 30% од цената за купен нов велосипед** за граѓаните на општината

# Фокусирана младинска политика - Канцеларија за млади

Ќе пристапиме кон формирање на Канцеларија за млади на Општина Центар, осмислена да функционира по веќе проверен модел применет во повеќе европски земји. Нејзина главна задача ќе биде креирање и спроведување на младинските политики на општината, овозможувајќи еднакви можности на младите во образованието и пазарот на труд, како и охрабурвање на младите луѓе да бидат активни членови во општеството.
Приоритетни активности на канцеларијата за млади би биле следниве:

- Развивање на **соработката меѓу младите луѓе** и обезбедување услови за **учество во процесот на донесување одлуки преку институциите.**
- Создавање на **волонтерски сервис** кој ќе овозможи на младите луѓе од Општина Центар како волонтери да се активираат и да стажираат определен период во рамките на општината, во деловниот сектор и во невладиниот сектор.
- Охрабрување, поттикнување и создавање на **можности за вработување, самовработување и претприемништво** на младите луѓе, организација на семинари и обуки за стекнување и надградба на бизнис вештини на младите.
- Развивање на систем за **информирање на младите** за сите области од нивниот интерес.
- Помагање во развивањето на отворен, ефикасен и фер систем на формално и **неформално образование, достапно за сите млади луѓе,** во согласност со современите трендови.
- **Превенција на болестите на зависност и насилство** - преку соработка со институции, невладини организации и неформални младински групи.
- Организирање на **аматерски спортски турнири** преку целата година во различни спортски дисциплини.
- Организирање на **културни младински содржини и манифестации.**



# Подобра социјална заштита за граѓаните на Центар

Поради генерално ниското ниво на социјална заштита и стандарди на социјална сигурност кои ги обезбедува државата, постои изразена потреба за поголема улога на општината во ублажувањето на неповолните социјални состојби. Во таа насока, ќе го преземеме следново:

- Оформување на **Социјална патронажна служба** за рана детекција и ургентна помош на социјално ранливите поединци и семејства
- **Двојно зголемување на помошта за секое новородено дете** во Центар – по 10.000 денари за секое новороденче
- Стручна и друга **помош и поддршка на семејствата во кои има зависник од дрога**



- **Училишна инклузија на децата со посебни потреби** преку нивно вклучување во редовна настава со целосно прилагодување на дел од основните училишта кон потребите на овие деца.
- **Социјална инклузија на лица со посебни потреби** преку вработување во општинска администрација, јавните претпријатија и институциите кои се под раководење на општината на лица со посебни потреби, согласно нивните квалификации и вклучување на лица со посебни потреби во сезонските работни активности на општината.
- **Отстранување на архитектонските бариери** кои го попречуваат движењето на луѓето со хендикеп, преку прилагодување на тротоарите, обезбедување на простор за движење, прилагодување на урбаната опрема и подготовка на патеки за нивно движење, како и изготвување на мапа на општина Центар во која ке бидат обележани патеките и местата кои се прилагодени за движење на овие лица .
- **Социјална заштита на лица со посебни потреби** преку посебна Програма за доделување на финансиска помош на лицата со посебни потреби и нивните семејства кои се социјално загрозени.

## Транспарентност во работата на општинската власт

Транспарентноста во работењето на целокупната општинска власт - Градоначалникот, Советот, општинските служби, основните училишта, детските градинки и другите институции кои се во надлежност на општината е од клучно значење за одговорното работење на општината.

- Во писмена форма, со **буџетот на општината ќе биде запознаено секое домаќинство** на територијата на општина Центар
- Во писмена форма, со **завршната сметка на општината ќе биде запознаено секое домаќинство** на територијата на општина Центар
- Ќе обезбедиме **видео извештај за секоја седница на Советот** преку соодветна 30-минутна репортажа ќе биде достапна на граѓаните на Центар преку официјалниот општински сајт и преку емитување на една од тв станиците кои ја покриваат територијата на општината
- Ќе обезбедиме **редовно информирање на граѓаните** за работата на целокупната општинска власт преку продукција на **општински ТВ магазин** кој ќе се емитува на една од ТВ станиците кои ја покриваат територијата на општината
- Секој заинтересиран граѓанин на општината ќе може редовно на својата електронска адреса да добива **дневен електронски информатор** за најважните тековни активности на општинските власти

Веднаш по моето стапување на должност ќе обезбедам спроведување на **стручна финансиска ревизија на деловите на Скопје 2014** што ги реализирала општина Центар. Во изминатиов период во јавноста беа присутни повеќе основани индиции за матни дејаниа при реализацијата на овој проект и моја основна обврска ќе биде да ги расчистам тие состојби и да го вратам кредибилитетот на општинската власт.



# Ефикасна граѓанска партиципација

Граѓаните на општина Центар, во изминатиов период воопшто не учествуваат во процесот на донесување на одлуките и пошироко, во процесот на креирање на локалните политики. Не само што не се користат механизмите за консултации на граѓаните предвидени со законската регулатива, туку, за жал, мислењата и барањата на граѓаните целосно се игнорираат и на брутален начин се спроведуваат наредбите на централната власт.

- Вклучување на невладините организации преку формирање на **НВО Совет** на општина Центар
- Општината ќе спроведе **посебни проекти за едукација за граѓанска партиципација** во работењето на општината, како и во работењето на урбаните заедници на територијата на општината






- Реализација на проектот – **мобилна општинска канцеларија** – со кој најмалку два пати годишно компетентен тим од општинските служби ќе биде целодневно присутен во секоја од 17-те урбани заедници кои функционираат на територијата на општината

# Одговорно управување со општинските надлежности и ресурси

Веднаш по моето стапување на должноста, заедно со секторот за урбанизам, ќе изготвам Програма за работа во областа на располагањето со градежното неизградено земјиште во општина Центар, сега сè уште во сопственост на РМ.

Со тоа, по усвојувањето на Програмата од страна на Советот на општината, ќе престане актуелната распродажба на земјиштето по багателни цени.

Оваа Програма, општината Центар требаше да ја донесе уште минатата година и со тоа да си ги преземе законските надлежности за располагање со државното земјиште и сама да одлучува, во интерес на граѓаните, за тоа кое земјиште ќе го продава, под кои услови и со која почетна цена, како што тоа го направија многу други општини во државата.





# ИДНИНАТА СЕГА!

## ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Мирослав | Шиповиќ | Дипломиран електро инженер |
| 2. | Игор | Алаџајков | Дипломиран агроном |
| 3. | Саша | Сашек Гошева | Магистер по менаџмент и јавна администрација |
| 4. | Весна | Милосавлевска | Дипломиран правник |
| 5. | Марија | Бошковска Јанковски | Дипломиран економист |
| 6. | Дарко | Атанасовски | Апсолвент на градежен факултет |
| 7. | Јован | Тагасовски | Дипломиран архитект |
| 8. | Ѓошо | Вангелов | Дипломиран градежен инженер |
| 9. | Биљана | Чурилова | Дипломиран инженер архитект |
| 10. | Васко | Димовски | Дипломиран професор по одделенска настава |
| 11. | Цветанка | Симоновска | Дипломиран инженер архитект |
| 12. | Никола | Георгиевски | Дипломиран економист |
| 13. | Мирјана | Гушевска | Дипломиран правник |
| 14. | Љубомир | Медарски | Дипломиран машински инженер |
| 15. | Сашо | Петрески | Дипломиран шумарски инженер по дрвна индустрија |
| 16. | Давид | Данаилов | Студент на правен факултет |
| 17. | Јасна | Мицковска | Студент на факултет за електро техника и информатички науки |
| 18. | Нико | Николоски | Дипломиран детектив |
| 19. | Давид | Геровски | Студент на правен факултет |
| 20. | Мартин | Попов | Дипломиран политиколог |
| 21. | Александра | Спасовска | Дипломиран дефектолог |
| 22. | Стојан | Станиславски | Дипломиран социјален работник |
| 23. | Никола | Савовски | Апсолвент на ветеринарен факултет |

# ВРЕМЕ Е!

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА